*ЗОРАН ГЕОРГИЕВ*

# ТРИ ПРЕДРИМСКИ НАСЕЛБИ КРАЈ ПЧИЊА

За предримското време во северните делови од СР Македонија сè уште имаме скромни сознанија, засновани врз остатоците или наодите од вкупно дваесетина археолошки локалитети, од кои одвај неколку се истражувани по пат на ископувања, со мошне ограничен обем. Претежно, располагаме со случајно откриени наоди, главно со гробен карактер, кои припаѓаат на две културно-историски епохи: на железното време (Војник,[1] Куманово и Кумановска Бања,[2] Волково,[3] Орешани,[4] Ѓучинце)[5] и на раното античко време (тетовската гробница,[6] гробниот наод од Жданец,[7] единечните и групни наоди на монети од пајонските и македонските владетели,[8] во најново време архитектонскиот објект во Бразда кај Скопје).[9] Бројот на предримските населби што се опфатени од стручната литература е евидентно помал и се сведува само на неколкуте најго-

[1] М. Гаршанин и други, Предисториски култури во Македонија (каталог), Штип 1971, 20, 59, кат бр. 265—270; истиот, Razvijeno bronzano doba I, prelazni period (gvozdeno doba I) Makedonije, Praistorija Jugoslavenskih zemalja IV, Sarajevo 1983, 797, T. CXI, 1—9.

[2] Н. Вулић, Куманово, Споменик САН XCVIII, Београд 1949, 271; — Гаршанин, Разматрања о македонском халштату, Старинар Н. с. V—VI (1954—55), Београд 1956, 29—41; З. Георгиев, Нов халштатски наод од околината на Куманово, Macedoniae acta aarchaeologica 4, Прилеп 1978, 69—80, Сл. 1—18.

[3] К. Трухелка, Гробница из халштатског доба у Вучјем Долу, Археолошке белешке из Јужне Србије, Гласник Скопског научног друштва V, Скопље 1929, 62—65.

[4] K. Kilian, Trachzubehör der Eisenzeit Zwischen Agäis und Adria, Prähistorische Zaitschrift, Band 50, Heidelberg 1975, 94—95, Taf. 57.

[5] З. Георгиев, Необјавени и нови наоди од Повардарјето, Год. зборник на Филозофскиот факултет, кн. 14 (40), Скопје 1987, 125—127, Сл. 2 а, б.

[6] С. Радојчић, Менада из Тетова, Гласник Скопског научног друштва, књ. XII, Скопље 1933, 243—251.

[7] В. Соколовска — Р. Пашиќ, Еден гроб од Жданец, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, кн. VI—VII, Скопје 1975, 231—243.

[8] В. Битракова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 82—83 и нат., со наведената постара литература.

[9] Истражувањата, во организација на Археолошкиот музеј на Македонија, се уште траат. Досегашните резултати не се објавени.

леми локалитети во скопската котлина (скопско Кале, Бразда, Средно Нерези, Студеничани, Варвара).[10] Низа други вакви населби не се документирани; некои сè уште не се откриени, а определен број од нив несомнено лежат во долните културни слоеви на наоѓалишта кои ги познаваме само како доцноримски и рановизантиски.[11] Сепак, за разлика од Средното Повардарие и јужните делови на Републиката, каде предримскиот хоризонт на живот претежно е скриен под подоцнежни наслојувања, во скопско-кумановскиот басен имаме процентуално поголем број предримски населби кои, по нивното замирање, никогаш не биле обновени, така што до денес го сочувале својот автентичен изглед. Во овој труд презентирам три вакви населби од источниот раб на скопско-кумановскиот басен, чие што планиметриско снимање го извршив во рамки на самоиницијативни теренски рекогносцирања, во периодот 1981—84 година. Овој избор е условен од локацијата (види карта 1) и од заедничките карактеристики и хронологија на сите три наоѓалишта.

## „ГРАДИШТЕ" — ПЕЛИНЦЕ

Локалитетот е познат како најсеверно регистрирано наоѓалиште во СРМ. Археолошки не е истражуван, а во стручната литература се споменува како праисториско наоѓалиште, без попрецизно определување.[12] Се наоѓа 2,6 км. јужно од црквата на с. Пелинце и 18 км. с/и од Куманово, на левиот брег на Пчиња, во аголот што го формираат нејзиното корито и левата притока Бистрица. Лоциран е на доминантна позиција, на ридот Градиште, чие изразено рамно плато се издига 80 м. над Пчиња. Надворешната рамка на населбата има неправилна ромбоидна форма, условена од конфигурацијата на теренот, ориентирана во правец Ј/З—С/И. Долга е 170, а максимално широка 112 м., при што зафаќа површина од 1,1 хектари. Долж јужната и југоисточната страна, а особено долж северната и северозападната, природно е заштитена со стрмни падини (над 45°), кои го отежнувале пристапот до бедемот со кој населбата била опкружена.

При фортифицирањето најголемо внимание било посветено кон обезбедување на источното чело на населбата, кое од околниот терен е одделено со ниско природно седло, па претставувало стратешки најзагрозен сектор. Седлото било прод-

[10] И. Микулчиќ, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје 1982, 21—26, 29—34, со наведената постара литература.

[11] Во долината на Пчиња ваков случај е констатиран на локалитетот „Костопевска Карпа" (Жеглигово) кај Младо Нагоричино, при археолошките ископувања во 1987 год. Необјавено.

[12] В. Соколовска, Археолошки испитувања во кумановскиот басен, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, IV—V, Скопје 1966, 104.

лабочено со прокопување на одбранбен ров, широк до 45 и долг над 50 м., а, едновремено, ископаната земја била искористена за издигнување на одбранбен насип околу челото. Под дејство на ерозијата и со орање на земјиштето, денес насипот е развлечен од внатрешната страна, така што добил полумесечеста форма, со широчина до 18 м. Просторно е лачно диспониран, така што, покрај основната функција да овозможи одбрана од фронтални напади, воедно го бранел и пристапот кон влезот на населбата, кој исто се наоѓа од оваа страна.

Пристапот до влезот е вториот добро видлив елемент на градиштето. Самиот влез припаѓа на т.н. „тангенцијален“ тип, поставен странично, односно вовлечен помеѓу јужниот крак на челниот насип и источниот крај од јужниот периметрален бедем (Пл. 1). Искачувајќи се околу одбранбениот насип, до влезот води тесна пристапна рампа, долга близу 50 м., која од горе, од насипот, била добро заштитувана.

Од спротивната (западна) страна на населбата теренот се спушта кон Бистрица во вид на релативно благ срт, така што, заради поголема безбедност, и од оваа страна е прокопан кус ров, широк до 25 м.

## *Културни хоризонти и движен археолошки материјал*

Целокупната површина на локалитетот претставува интензивно обработувано земјиште, поради што таа обилува со керамичен материјал од повеќе преораните слоеви. Врз основа на површинските наоди може да се идентификуваат три основни културни хоризонти.

Најстарите траги од живот на пелинското Градиште досегаат длабоко во праисторијата. Тие му припаѓаат на енеолитот или раното бронзено време. Посведочени се со фрагменти од типична грнчарија и делови од култна пластика, керамични прешлени за вретено и тегови за разбој, како и парчиња од оштетени камени орадија со измазнета површина. Овој материјал е помалуброен во однос со другите, подоцнежни по време наоди, така што се чини дека овој хоризонт можеби не е сосема уништен, или пак дека тој бил мошне тенок.

Најинтензивен живот на градиштето се одвивал во текот на железното време. Веројатно тогаш населбата го добила конечниот изглед. Вонредно бројните керамички фрагменти кои се врзуваат за овој период оддаваат само неколку основни облици на садови, со нивните варијанти, кои постојано се повторуваат. Меѓу фината керамика најчести се длабоки конични чинии со вовлечен отвор и заоблени или косо фасетирани рамена (Сл. 1, 1—4; Сл. 2, 1—3), потоа делови од бокали со заоблен стомак и рачки со правоаголен и кружен пресек (Сл. 1, 5—9; Сл. 2, 4—7), а од садовите со поголем волумен апсолутно доминираат т.н. „урни“ со цилиндричен или конусен врат и широко разтрлен отвор (Сл. 1, 10; Сл. 2, 8). Во категорија-

та на груба кујнска и огнишна керамика се јавуваат две основни форми: големи лонци со јазичести рачки под работ и идентични лонци-огништа, со перфорирано звонесто ложиште околу реципиентот (Сл. 2, 10—11). Декорацијата кај фината грнчарија укажува на постоење на две развојно-хронолошки фази. За едната е типично втиснување на врвцести орнаменти (т.н. „лажен шнур"), кои се комбинираат со канелури или со врежани шрафирани триаголници (Сл. 1). Керамиката од втората развојна фаза ги има истите облици, но е украсена со нови мотиви, изведени соназабен инструмент или втиснати во вид на низи од полумесеци, кои сосема го заменуваат врпчестиот орнамент (Сл. 2, 1—9).

Последниот културен хоризонт на Градиште му припаѓа на раното античко време. За жал, овој хоризонт бил најрано и надојлго изложен на уништување при земјоделски работи, така што керамичкиот материјал е сосема издробен, исситнет и дури веќе пред целосно исчезнување. Неколкуте фрагменти од сива грнчарија, изработена на грнчарско тркало и со хеленизирани форми (хидрии, здели со вовлечен раб и профилирана стопа), беа единствените покарактеристични наоди што можев да ги регистрирам (Сл. 3). Според кажувањето на сопственикот на нивата, одвреме-навреме тука биле наоѓани и монети.

(Види прилог, стр. 392—397)

## „ГРАДИШТЕ" — МАКРЕШ

Овој локалитет исто така е расположен на левиот брег на Пчиња, 9,6 км. јужно од претходното наоѓалиште (воздушна линија) и 1,6 км. западно од гробиштата на Макреш. На стручната јавност не ѝ е познат. Се простира врз малиот рид Градиште, кој поради малата височина се стопува во околниот предел и е скриен од погледот, но кој со своите падини од сите четири страни обезбедувал солидна природна заштита. Најлесниот пристап до него води од источната страна, преку длабоко природно седло. Конфигурацијата на теренот диктирала населената површина да биде наведената кон запад и југозапад, на височина од 40 до 63 м. над речното корито. Од неа се протега поглед кон Пчиња и обработливите површини околу Младо Нагоричино (Пашини Ниви). Во заднината кон исток и североисток се нижат суви и карпести ридови, главно погодни за сточарење.

Во блиското минато локалитетот бил во два наврата тешко оштетен: најнапред во воените операции во текот на Првата балканска војна (кумановска битка)[13] а најмногу по Втората светска војна, кога при изградбата на блиските задружни трла тој послужил како мајдан за градежен материјал.

[13] Локалитетот Градиште несомнено бил запоседнат од воена единица, која се нашла изложена на жестока артилериска и пешадиска стрелба од српската војска. Покрај мноштвото распрснати ар-

Населбата била фортифицирана со сувоѕиден бедем, чиј темел денес е делумно сочуван и видлив. Највидливи остатоци од него се забележуваат на највисокиот источен крај, каде било оформено добро утврдено чело, широко истурено кон седлото и пристапот на населбата (точка 1 на планот). Оттука бедемот продолжува долж свеверната страна, движејќи се високо, речиси по сртот од ридот, со што е компензирана релативно кусата стрмина од оваа страна. На неколку места и на куси отсечки, каменот бил ископачен во ново време, така што од бедемот останале само „негативи" (точки 2—3 на Пл. 2). На стрмниот северозападен крај подѕидот е во ново време урнат со поткопување на земјиштето и недостасува во должина од 26 м.; тука убаво се гледа неговиот профил: сложен е од крупен кршен и речен камен, во широчина од 0,40 до 0,60 м., а во длабочина од преку еден метар (точка 4 на планот). Во западниот крај и долж поголемиот дел од јужната страна на населбата бедемот се надоврзувал и потпирал врз голи карпи, кои го обрабувале овој дел од локалитетот. При експлоатација на каменот, во повоениот период, долж јужната страна се направени широки и длабоки засеци, кои, во најголем дел, целосно ја пробиле оваа природна заштитна линија на населбата (точки 5—8 на планот). Потоа ерозијата го сторила своето. Поради тоа, јужната траса на бедемот може само приближно точно да се утврди, а позицијата и изгледот на единствениот влез во населбата стануваат сосема неизвесни. Сепак, во врска со последното, како единствена можност се наметнува претпотавката дека и оваа населба имала влез од „тангенцијален" тип, поставена блиску до пристапното седло и вовлечена бочно од челото на фортификацијата. кое обезбедувало негова заштита (површина означена со бр. 9 на планот).

Населбата била долга до 240 м., широка од 53 до 73 м., а зафаќала простор помеѓу денешните 1,4 и своевремено максимално можните 1,7 хектари.

### *Културни слоеви и движен археолошки материјал*

Покрај споменатите деструктивни делувања, за општата еродираност на локалитетот придонел и природниот фактор. Поради искосеноста на теренот, со текот на времето културните слоеви долж повисоката северна страна речиси сосема се свлекле кон југ, така што на места се гледа карпестата здравица. Во јужниот појас и особено во средишниот дел на

---

тилериски гранати, за ова сведочат чести наоди на проектили истрелани од пушка „Маузер" со кал. 7 мм. Маузерови пушки со ваков калибар биле произведувани единствено за потребите на Србија и биле формациско пешадиско оружје на српската војска од 1899 год. до I Светска војна (F. Myatt, Firearms, The illustrated Encyclopedia of 19 th Century, London 1979, 142).

локалитетот состојбата е поинаква; тука слоевите се сочувани, а може да се очекува и различна стратиграфија. Најголема концепција на археолошки материјал има долж линијата на јужниот бедем, каде, по пробивањето на карпестата бариера, теренот најсилно еродирал.

Одделни керамички фрагменти со груба фактура и неукрасена сиво-црна површина говорат дека и овој локалитет најнапред бил населен во далечната праисторија. За жал, репертоарот на формите останува непознат, што ја оневозможува нивната временска и културна идентификација. Два фрагмента, со својата декорација од мрежесто шрафирани триаголници и правоаголници комбинирани со полиња кои се исполнети со убоди, сепак се моќне индикативни: тие се типични за III разојна фаза на културната група Бубањ—Хум, со која започнува раното бронзено време на централен Балкан (Сл. 4. 1—2).[14] Ова се први и засега единствени сигурни наоди на хоризонтот Бубањ—Хум III на територијата на СР Македонија. Дали населбата опстанала во подоцнежните етапи на бронзеното доба останува отворено прашање, на кое одговор може да се добие само со археолошки ископувања.

Бројни керамички фрагменти говорат дека животот на Градиште бил обновен и течел низ железното време. Застапени се истите облици на фина и груба грнчарија што ги сретнавме на пелинското градиште: длабоки чинии со вовлечен раб и заоблени или косо фасетирани рамена (Сл. 4. 3—7); поголеми мешести садови (Сл. 4. 8—9); садови од типот „урни" со разгрлен врат (Сл. 4. 10); груби лонци и лонци-огништа со јазичести рачки (Сл. 4. 11—13). И репертоарот на декоративни мотиви и техники е ист како кај керамиката од претходното наоѓалиште: низи од втиснати врвчести орнаменти, понекогаш комбинирани со канелури (Сл. 4 3,7); врежани шрафирани триаголници, комбинирани со канелури, врежани линии, низи од убоди или низи од втиснати полумесеци (Сл. 4. 8—10); пластични ребра со втиснатини од прсти или назабени со спатула, кај грубата огнишна керамика (Сл. 4. 11, 13). Според нив, животот на населбата низ целиот VII и целиот VI век пред н.е. бил моќне интензивен.

Најголемиот број површински наоди се подоцнежни. Тие покажуваат дека населбата континуирано егзистирала и во раното антично време. Доминираат делови од локална сиво печена грнчарија, моделирана на грнчарско тркало и со хеленизирани форми: мали плитки чинии со вовлечен раб, од т.н. „ехинус" тип или со пословожена профилација; големи чинии со профилирано лежиште за капак; длабоки садови со хоризонтални рачки; ојнохои со тролисно обликуван отвор; хидрии и други облици, типични за V—III век пред н.е. (Сл. 5. 1—6).

[14] M. Garšanin, Grupa Bubanj — Hum III, Praistorija Jugoslavenskih zemalja IV, Sarajevo 1983, 719—722.

Заедно со сивата, се среќаваат и делови од луксузна сликана керамика, типична за класичниот и почетокот на ранохеленистичкиот период — хидрии, скифоси и други форми (Сл. 6. 1—6). Раното хеленистичо време е посведочено со многу карактеристичните сјајни црнофирнисирани садови: мали чинии, ихтии, унгвентарии, светилки, биконични гути (Сл. 6. 9). Последната специфична форма како и присуството на рани вретенести унгвентарии, со широк труп, куса нога и често со лажни рачки на рамената (Сл. 6. 10), сосема сигурно го индицираат раниот III век пред н.е.

Меѓу другите позначајни наоди се вбројуваат еден фрагмент од т.н. „West Slope" керамика (Сл. 6. 7), една бронзена фибула од тракиски тип (Сл. 6. 8) и делови од калапи за теракоти. Последните недвојбено му припаѓаат исто така на раниот III век пред н.е., бидејќи на локалитетот апсолутно отсуствува калапената и друга керамика која е каратеристична за следните етапи од хеленистичиот период. Од ова наоѓалиште потекнува и една сребрена монета, во вредност од една драхма, кована во време на пеонскиот крал Авдолеон (315—286 г. пред н.е.).[15]

## „ГРАДИШТЕ" — ГОРНО КОЊАРЕ

Локалитетот се наоѓа 19 км. источно од Скопје и 1,5 км. јужно од Горно Коњаре (воздушна линија), непосредно над патот што води во селото. Се простира врз мал гребен, кој преоѓа во тераса со јазичеста форма, искосена кон С/З и со широк поглед кон Пчиња. И ова наоѓалиште не ѝ е познато на стручната јавност.

На овој тесен простор се развила мала населба, на височина од 30 до 55 м. над коритото на реката, природно заштитена со стрмни падини од источната, а особено од западната страна. Терасата, на северната страна паѓа најниско и опкружена е со длабока поројна бразда, кој обезбедув доволна височинска разлика. Од јужната страна, населбата била одделена од околниот терен со ниско природно седло, кое, заради посигурна заштита, било вештачки продлабочено во широчина од дваесетина метри, а со необично голема должина: денес сеуште јасно видливиот остар раб на ровот од јужната страна изнесува над 100 м.

Населбата била фортифицирана со земјен насип — бедем, чија источна траса е поставена по сртот на гребенот, бидејќи стрмината од оваа страна е релативно куса и полесно совладлива, а натаму ја обградува населената површина долж

---

[15] Монетата се наоѓа во приватна колекција во Скопје (Ав. тричетвртински портрет на Атена со шлем; Рс. коњ во кас. Горе натпис (ΛΥΔΩΛΕΟΝΤΟΣ) ; меѓу нозете монограм Ǎ Тежина 2,7 грама). Се одликува со мошне лош квалитет на среброто.

работ на терасата. Најзначајните елементи н фортификацијата се наоѓаат на јужниот крај. Тука било оформено тесно чело, вештачки издигнато на повосико ниво, со насипување на земјата што била ископана при продлабочувањето на седлото. Можеби, токму во потребата од големо количество земја за овој обемен зафат треба да се бара објаснување за непотребно големата должина на одбранбениот ров. Но и вака зголемената височина на јужното чело не била доволна да им овозможи на бранителите и населбата задоволителна прегледност на теренот на поголема далечина преку ровот кон југ. Затоа, на највисокиот дел од челото бил оформен (можеби дополнително) набљудувачки објект од земја со кружна форма и со пречник околу 10 м., кој денес има облик на тумул. Во неговото средиште во најново време е исопан длабок војнички ров (точка 2 на Пл. 3).

Од западната страна, кон јужното чело се доближува крајот од периметралниот бедем, но на пониско ниво, оставајќи тесен меѓупростор. Тоа е протогениот влез во населбата („тангенцијален" тип), кој бил заштитуван од посадата распоредена на самото чело (точка 1 на планот). Во една подоцнежна фаза, кога населбата ги надраснала рамките на бедемот и кога потребите се измениле, овој влез го изгубил значајот и функцијата, а во североисточниот крај на населбата бил отворен нов, но без посебен заштитен систем (точка 3 на планот). Овој влез денес е незначително проширен, заедно со пристапната рампа, од страна на сопственикот на земјиштето.

Во рамките на бедемот, населената површина е долга 180 и максимално широка 60 м., а зафаќа простор од 0,7 хектари.

## *Наоди и хронологија*

Поголемиот дел од градиштето претставува интензивно обработувана нива, така што на површината се среќава керамичен материјал кој се врзува за две културно-историски епохи: за железното време и за раната антика. Железнодобната керамика ја претставуваат вообичаените чинии со вовлечен раб и со заоблени или косо фасетирани рамена, украсени со низи од убоди направени со помош на назабен инструмент, или со вертикални канелури (Сл. 7. 1—3); делови од поголеми садови на кои се втиснати низи од потковичест орнамент (Сл. 7. 4) и делови од специфичниот облик на длабоки садови со висок врат ѝ широко разгрлена уста (тн. „урни") (Сл. 7. 5). Грубата керамика застапена е со лонци и лонци-огништа, со јазичести рачки и со декорација од пластични ребра (Сл. 7. 6—8).

Ваква керамика е распрсната и во подножјето на стрмината од источната страна на градиштето, но и значително подалеку на исток, што зборува дека за релативно кусо време,

уште во текот на железното доба, животниот простор на самото градиште станал тесен и населбата излегла од рамките на бедемот. Со такви карактеристики, таа продолжила да живее и низ следните векови.

За опстојувањето на протогената населба во раното античко време, со задржани стари фортификациски елементи, сведочат бројни површински наоди на сива локална грнчарија од V—III век пред н.е., изработена на грнчарско тркало и со хеленизирани форми — чинии со разновидна големина и профилација, многу карактеристичните ихтии, хидрии и особено честите големи скифоси од атички тип (Сл. 7. 9—14). Но, во тоа време отвореното подградие се раширило толку многу што самото градиште се нашло на периферијата. Населен бил и просторот јужно од градиштето, преку одбранбениот ров. Веројатно тогаш првобитниот влез од старата населба ја изгубил примарната функција. Истата керамика се среќава на исток и неколку стотини метри подалеку од старата населба. Сепак, археолошкиот материјал не е застапен со еднаков интензитет на сета површина, така што станува збор не само за населба од отворен туку и од расфрлен тип, по се изгледа со рурален карактер.

*

* *

Презентираните три наоѓалишта даваат една глобална слика за изгледот, големината, хронологијата и културниот профил на предримските населби по течението на Пчиња, особено во слабо истражениот и археолошки недоволно познат кумановски регион. Според хронологијата на површинскиот материјал што тие го нудат, сите три населби биле засновани во исто време — во текот на железното доба, и егзистирале подеднакво долго, во континуитет од 400 до 450 години, заклучно со првите векови на антиката во нашите краишта. Сите се одликуваат со еднаков избор на локација за населување, која овозможува природна заштита, и сите се фортифицирани според иста концепција, која како основни елементи содржи одбранбен ров од најлесно пристапната страна, добро утврдено чело и единствен влез од „тангенцијален“ тип, секогаш поставен од левата страна на челото. Оваа, во суштина праисториска концепција, вообичаена во железното време, се задржала и во раната антика. Апсолутни аналогии во овој поглед имаме кај истовремените населби во Скопската котлина, кои подоцна не биле надслоени („Исар“ — Студеничани, како најизразен пример; „Градиште“ — Средно Нерези; несомнено „Кале“ — Варвара).[16] Се наметнува заклучокот дека ова е основниот ако

[16] И. Микулчиќ, op. cit., Сл. 7, Сл. 10, Сл. 13.

не и единствениот фортификациски тип во предримското време во северните делови на СР Македонија. И во поглед на карактерот и хронологијата на дел од површинскиот археолошки материјал можат да се изнесат некои нови констатации, кои се однесуваат на стилско-типолошките одлики на железнодобната керамика. Оваа керамика е аналогна на грнчаријата од исто време што е позната од поодамна истражуваните железнодобни некрополи во Овчеполско-брегалничкиот регион (Радање,[17] Стар Караорман,[18] кочанско Оризаре),[19] како и од горе наброените населби во Скопската котлина, а која досега беше глобално датирана во 7. и 6. век пред н.е., без обиди да се согледа нејзиниот внатрешен еволутивен развој. Денес, материјалот од Пелинското Градиште, како и од повеќе други необјавени наоѓалишта, покажува постоење на две основни етапи во нејзиниот развој, со разлики во изборот на декоративните мотиви и техниките на украсување. За постарата досега непозната етапа се врзува орнаментиката во вид на „лажен шнур", која не се комбинира со најголемиот број други мотиви што редовно ги има на садовите во следната етапа. Врвчестата орнаментика одразува влијание од централнобалканскиот Басараби стил, во кој таа има доминантно место,[20] и покажува културна и етничка поврзаност на северномакедонското подрачје со внатрешноста на Балканот. Споменатите две развојни фази на железнодобната керамичка продукција неодамна беа стратиграфски јасно издвоени н неколкуте истражувани населби во Врањско-прешевската котлина,[21] каде се присутни не само истите облици на садови и истите декоративни мотиви, туку и потполно истите комбинации, дури и истите шаблони кои се резервирани за определени форми. Според тоа, Врањско-прешевската котлина, Скопско-кумановскиот басен и Овчеполско-брегалничкиот регион претставуваат интегрална ултурна и етничка целина во постарото предримско време.

---

[17] М. Гаршанин, Археолошка ископувања у селу Радању на локалитету Криви Дол, Зборник на штипскиот Народен музеј, I, Штип 1959, 9—60.

[18] И. Микулчиќ, Извештај са пробног ископавања халштатске некрополе код Старог Караормана, Зборник на штипскиот Народен музеј I, Штип 1959, 95—100; истиот, Могили од Орлова Чука кај село Караорман, Зборник на штипскиот Народен музеј II, Штип, 1961, 47—62.

[19] В. Санев, Могилите од Куново — Чуки кај с. Оризари — Кочанско, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија VIII—IX, Скопје 1978, 7—13.

[20] За Басараби стилот општо: Н. Тасић, Југословенско Подунавље од индоевропске сеобе до продора Скита, Нови Сад 1983, 123—134; со наведената литература. За керамиката од железно време на централен Балкан: М. Јевтић, Керамика старијег гвозденог доба на централном Балкану, Београд 1983, со постарата литература.

[21] M. Vukmanović — P. Popović, Sondažna istraživanja gradinskih naselja na području vranjsko-preševske kotline, Godjšnjak CBI XX/18, Sarajevo 1982, 189—210.

Археолошкиот материјал од последниот културен хоризонт на разгледуваните наоѓалишта, кој му припаѓа на раната антика, има целосни аналогии во истовремената локална продукција од Скопската котлина и, заедно со неа, одразува подеднаков степен на хеленизирана материјална култура во сиот североисточен дел од СР Македонија. Богатството од домашна сликана грнчарија, изработена под влијание на атичката црвенофигурна керамика од V и IV век пред н.е., потоа ранохеленистичките црнофирнисирани садови, меѓу кои има и квалитетни импортни примероци, како и наодите на квалитетни калапи за локална продукција на теракоти, што се застапени на градиштето кај Макреш, упатуваат на постоење на имотно побогат слој жители на оваа населба. За разлика од другите два просторно помали локалитети, таа, со својата површина во рамките на одбранбениот бедем, може да се вброи меѓу средно големите предримски населби во нашите краишта. Нејзината релативно добра економска моќ се огледува и во камените темели на куќите, кои се видливи на одделни места, а особено е изразена во фактот дека населбата била во целост фортифицирана со бедем од камен, што не е случај со другите две наоѓалишта.

Овие локалитети крај Пчиња имаат уште една заедничка карактеристика со истовремените населби во Скопската котлина. Тоа е крајот на нивното егзистирање. Имено, и на овие наоѓалишта отсуствува керамичен материјал со форми кои се типични за зрелото и доцното хеленистичко време. Оттаму, констатацијата дека животот на сите населби во Скопската котлина бил запрен наеднаш и целосно, пред средината на III век пред н.е.,[22] апсолутно треба да се прошири и на кумановскиот крај. На прашањето дали оваа карактеристична, и во северниот дел на СР Македонија општо присутна појава се должи на големиот продор на Келтите, во 280/279 година пред н.е., или пак, што е многу поверојатно, била условена од експанзијата на Дарданците, која непосредно претходела или уследила, егзактен одговор можеби никогаш нема да најдеме. Судејќи индиректно, според фрагментарните податоци од античките извори,[23] овие настани се случиле едноподруго, во временски опсег од неколку години, а вообичаениот археолошки материјал што го среќаваме сам по себе не е до тој степен хронолошки осетлив за да овозможи прецизни разграничувања во така кус период. Сепак, одвреме-навреме случајно се доаѓа до значајни откритија на наоди кои и врз оваа научна загатка фрлаат повеќе светлост, нудејќи конкретни показатели. За жал, тие и порано, како и денес, не стигнуваат секогаш до музеите или до стручните лица. За еден таков наод од релевантното географско подрачје ќе стане збор во друга прилика.

[22] И. Микулчиќ, Старо Скопје, 20—21.

[23] F. Papazoglu Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba, Sarajevo, 1969, str. ...

*ZORAN GEORGIEV*

# TROIS AGGLOMÉRATIONS DANS LA VALLÉE DE PČINJA AU TEMPS PRÉ-ROMAIN

## Résumé

Dans la présente oeuvre, je présente trois localités archéologiques au caractère d'agglomération qui jusqu'à présent ont été méconnues au publique spécialisé. Je les ai enregistrès et reproduit techniquement personnellement à l'occasion des recherches archéologiques dans la vallée de la rivière Pčinja (la partie nord-orientale de la RS de la Macédoine).

L'agglomération de la localité »Gradište« près du village Pélince, à 18 km nord-est de Koumanovo (le plan No 1) se trouve à la position dominante, tout près de Pčinja et est entourée de cadre extérieur conforme à la configuration du terrain même; elle a été protégée par les remparts de terre tassée (la digue) renfermant la surface de 1,1 héctares et avec le tunnel de défense au nord où se trouve la rampe d'accès qui mène vers une entrée unique. D'après les trouvailles superficielles, d'abord il y existait une agglomération au cours de la période enéolithique et, peut-être au cours de la première période de l'âge de bronze. Cependant, le cadre définitif de fortification a été formé au cours de la période de l'âge de fer; le témoignage en est la céramique typique du VII$^{e}$ et du VI$^{a}$ siècle a. Chr. (tableaux 1—2). D'après la présence de la céramique héllénisée locale (tableau 3), l'agglomération garda sans changement ses caractéristiques jusqu'à la période classique et hellénistique.

L'agglomération de la localité »Gradište« près du village Makreš est située à 9,6 km au sud de l'endroit Pelince, également à la rive gauche de Pčinja. Au nord et à l'est, elle a été protégée par les remparts de pierre tandis que l'accès des autres côtés ait été empêché par les rochers naturels. La localité est assez endommagée par l'exploitation de pierres au fours de la période récente — l'entrée unique àu sud-est est complètement détruite (plan 2). La surface de l'agglomération était entre 1,4 et 1,7 héctares. Les trouvailles superficielles les plus antiques proviennent du premier âge de bronze (le groupe culturel Bubaij-Hum III) (tableau 4, 1—2) tandis que la fortification provienne de l'âge

de fer (tableau 4, 3—13) et elle a été conservée jusqu'au commencement du IIIe siècle a. Chr. La dernière phase de son existence (Ve au 3e siècle a. Chr.) est caractérisée par la richesse extraordinaire de la céramique importée et locale-héllénisée (tableau 5—6); on remarque aussi les pièces d'argent du roi péonien Audoléontos (années 315—286 a. Chr.).

L'agglomération de la localité »Gradište« près du village Gorno Konjare se trouve à 19 km à l'ouest de Skopje, à la rive gauche de Pčinja. Elle fut fortifiée par les remparts de terre et sa surfafe était de 0,7 héctares (plan 3). Au cours de l'âge de fer, il y avait une seule entrée au sud mais plus tard, quand l'agglomération se répandait hors des remparts, la dite entrée a perdu la fonction et à N/E, on créa une entrée nouvelle, également avec une rampe d'accès mais sans protection. La céramique locale provient de l'âge de fer et de la première antiquité (tabelau 7) et témoigne de la vie continue de la fin du VIIe jusqu'au commencement du IIIe siècle a. Chr.

Si nous nous limttons au matériel archéologique des premiers millenaire a. Chr., toutes les trois agglomérations démontrent la même chronologie et le même type de fortification — l'entrée se trouve toujours à gauche de la digue frontale. Les mêmes caractéristiques sont présentes dans sertaines agglomérations de la période pré-romaine dans les environs de Skopje, documentées jusqu'aujourd'hui. Ce qui est commun à toutes les agglomérations, c'est l'absence du matériel céramique de la période héllénistique développée ce qui prouve que toutes ces agglomérations de la partie nord et nord-est de la RS de Macédoine ont cessé à exister en même temps, au commencement du IIIe siècle a. Chr. Ce phénomène pourrait être lié à la forte invasion des Celtes en 280/279 a. Chr., mais il semble plus raisonable de chercher le motif dans l'arrivée et à l'établisement des Dardans sur le dit territoire qui jusqu'aux siècles V à III a. Chr. avait été peuplé par les Péones. Je pense que cet établissement a eu lieu juste avant l'invasion des Celtes.